Разгледувањето на објавената и на архивски зачуваната книжевност за деца на Иван Точко покажува дека канонската претстава за еден автор не се совпаѓа нужно со обемот и со разновидноста на неговото зачувано творештво. Во случајот со Точко, трите објавени песни за деца од 1945 година и петте необјавени раскази за деца, потпишани со псевдонимот Кали Мало Точката упатуваат на творечка линија што досега останала недоволно видлива во книжевно-историската рецепција. Поврзувањето на овие наслови нема намера да конструира поинаков и целоснозаокружен авторски лик, туку да ја посочи потребата постојната претстава за неговото творештво да се

согледува и според материјалите, кои не се опфатени во таа претстава.

Во оваа смисла, архивот не се јавува само како место, кое го чува книжевното минато, туку и како простор во кој се преиспитуваат границите на она што го наследуваме како претстава за определен авторски опус. Автобиографскиот запис на Точко, неговите сведоштва за раните книжевни обиди и податоците за необјавените или на уништените ракописи дополнително ја усложнуваат претставата за творечкиот континуитет, покажувајќи дека пишувањето, објавувањето и подоцнежното книжевно вреднување не се совпаѓаат во една единствена линија. Затоа, она што останало необјавено не е само недостиг или отсуство во библиографијата на авторот, туку е показател за разликата меѓу зачуваното творештво и она што станало познато, односно меѓу книжевниот корпус и корпусот што станал дел од активната книжевна меморија.

Книжевноста за деца на Иван Точко, согледана преку односот меѓу објавените песни во периодиката и зачуваните раскази, отвора можност за поинакво читање на неговото творечко дело и за натамошно истражување на неговите жанровски разновидности. Нејзиното вклучување во истражувачкиот хоризонт не претставува автоматско проширување на канонските дела, туку поттик за испитување на: критериумите, практиките и посредниците, преку кои се обликува претставата за творештвото на еден автор.

Оттука, прашањето што се поставува не се однесува само на она што останало надвор од објавениот опус на Точко, туку и на тоа зошто и како одредени текстови станале видливи, додека други останале на периферијата на опусот. Токму во таа разлика меѓу зачуваното, објавеното и запаметеното се отвора просторот за критичко преиспитување на книжевната меморија и на канонската претстава што таа ја пренесува.

Библиографија:

Извори:
Фонд „Иван Точко“, Архив „Харалампие Поленаковиќ“, МАНУ

Библиографија:

Ангеловски, Дарин. (2026). „Неканонски дела од канонски автор“. Предговор во *Кали Мало Точката, Избор од необјавеното раскажувачко творештво на Иван Точко*. Скопје: ИМЛ. [Angelovski, Darin. (2026). “Nekanonski dela od kanonski avtor“ Predgovor vo Kali Malo Točkata, Izbor od raskažuvačkoto tvoreštvo na Ivan Točko [”Noncanonical Works from Canonical Author”, Foreword in *Kali Malo Točkata*, *Unpublished stories by Ivan Točko*]. Skopje: IML. (In Macedonian)]

Ангеловски, Дарин. (2023). „Иван Точко“, *Енциклопедија на македонската книжевност, Автори и дела* https://mke.iml.edu.mk/Home/Avtor/226 Пристапено: 3.10.2026 г. [Angelovski, Darin. (2023). “Ivan Točko, *Enciklopedija na makedonskata književnost, Avtori i dela* [“Ivan Točko”, *Encyclopedia of Macedonian Literature, Authors and Works*]. https://mke.iml.edu.mk/Home/Avtor/226. 3.10.2026 г. (In Macedonian)

Друговац, Миодраг. (1968). „Поговор“, во: Иван Точко. *Прстен*, Скопје: Македонска книга, стр. 205–209. [Drugovac, Miodrag. (1968). “Pogovor” [“Afterword”], Ivan Točko, *Prsten* [*Ring*], Skopje: Makedonska kniga, 205-209. (In Macedonian)

Конески, Блаже. (1971). „Иван Точко и неговата ’Охридска трилогија‘ “. Во: Иван Точко. *Охридска трилогија*. Скопје: Мисла, стр. 5–14. [Koneski, Blaže. (1971). “Ivan Točko i negovata ‘Ohridska trilogija’”. Vo: Ivan Točko. Ohridska trilogija [Ivan Točko and his ‘Ohrid’s trilogy’. In Ivan Točko. *Ohrid’s trilogy*]. Skopje: Misla, 5-14. (In Macedonian)

Ricoeur, Paul. 2004. *Memory, History, Forgetting.* Translated by Kathleen Blamey and David Pellauer. Chicago: University of Chicago Press.

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект)

Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

UDK: 821.163.41-31.09:81'38

ПАРОДИЈАТА И ХИПЕРБОЛАТА

Андреј Стојановски
Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
докторанд
ORCID ID: https://orcid.org/0009-0002-3154-1507

Клучни зборови: пародија, хипербола, Светислав Басара, Иво Андриќ, критика, ирониja, сатира, антитеза, амбиваленција, канон, историја, репрезентација.

Резиме: Во овој труд, преку примерот на романот „Андриќевата скала на ужасот“ (2016) од Светислав Басара, укажуваме на местото и на улогата на хиперболата во пародиската нарација. Основната теза што ја застапуваме е дека меѓу рамништето на хиперболата (стилско и семантичко) и она на пародијата (жанровско и текстуално) постои структурна хомологија. И двете постапки сигнализираат разлика: хиперболата тоа го прави преку преувеличување на сегментално ниво, а пародијата преку повторување на интегрално ниво. Теориската рамка ја темелиме врз трудовите за пародијата на Линда Хачион. На стилската и на семантичката анализа им ја придружиме и прагматичката анализа. Ова второто е особено важно за да се испита можноста пародијата да послужи како критика, но и како „саморефлексивна техника“. Се укажува на интенционалниот карактер на хиперболата и пародијата, како и на можноста авторската намера да биде толкувана на многу, понекогаш и дијаметрално спротивни, начини. Тоа го доведуваме, од една страна, во врска со компетенциите на декодирачот, а од друга страна со неговиот светоглед. Последново го изразивме преку формулата рецепцијата е перцепција. Анализата покажа дека хиперболата во романот стекнува доминантна позиција како тотализирачки принцип. Критичката острица на пародијата на Басара е насочена кон моделите и кон политиките на културна репрезентација, како и кон националната митоманија воопшто. Во пародиската постапка на романот, хиперболата се користи како релевантен одговор на митоманијата, токму поради што и самата митоманија преувеличува. Во таа смисла, се потврдува тезата на Хачион дека пародијата е

„повторување со критичка дистанца, која овозможува ироничко укажување на разликата во самото средиште на сличноста“.

PARODY AND HYPERBOLE

Andrej Stojanovski
Blaže Koneski Faculty of Philology in Skopje
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Ph. Student
ORCID ID: https://orcid.org/0009-0002-3154-1507

Keywords: parody, hyperbole, Svetislav Basara, Ivo Andrić, criticism, irony, satire, antithesis, ambivalence, canon, history, representation.

Summary: In this paper, using the example of the novel *Andrić's Scale of Horror* (2016) by Svetislav Basara, we address the place and the role of hyperbole in parodic narration. The main thesis we argue is that there is a structural homology between the levels of hyperbole (stylistic and semantic) and those of parody (genre and textual). Both procedures signal a difference: hyperbole does so through exaggeration at a segmental level, and parody through repetition at an integral level. Our theoretical framework is based on Linda Hutcheon's works on parody. We combine the stylistic and semantic analysis with a pragmatic analysis. The latter is particularly important in examining the possibility of parody serving as criticism, but also as a "self-reflexive technique." We emphasize the intentional character of hyperbole and parody, as well as the possibility of the authorial intention being interpreted in many, sometimes diametrically opposed, ways. We relate this, on the one hand, to the competences of the decoder, and on the other hand to his worldview. We express the latter through the formula *reception is perception*. The analysis showes that hyperbole in the novel acquires a dominant position as a totalizing principle. The critical edge of Basara's parody is directed at the models and politics of cultural representation, as well as at national mythomania in general. In this novel's parodic procedure, hyperbole is used as a relevant response to mythomania, precisely because mythomania itself relies on exaggeration. In this sense, we confirm Hutcheon's thesis that parody is a "repetition with critical distance that allows ironic signaling of difference at the very heart of similarity."

Овој труд го разгледува пародискиот текст на жанровско и на стилско рамниште, и настојува да покаже дека овие две

рамништа се хомологни. Тезата што ја браниме поаѓа од претпоставката дека постои паралелизам меѓу внатрешните структури на пародијата и на хиперболата[1]. И пародијата и хиперболата сигнализираат разлика: пародијата преку повторување, хиперболата преку преувеличување. Според тоа, на пародијата ќе ѝ пристапиме од аспект на текстуалните единици во кои таа се реализира и во кои се отсликува нејзината иманентна логика. Ќе видиме, значи, како целината се отелотворува во деловите и како деловите ја прават целината. Акцентот ќе биде ставен на хиперболата, односно на начинот на кој таа ги маркира пародиските постапки. Ќе се укаже, притоа, дека хиперболата може да не признава никакви рестрикции во поглед на нејзината реализација, па со самото тоа и да стане тотализирачки принцип врз кој почива текстот[2].

Природно, нема да можеме да избегнеме упатувања и на некои иронички специфики на ваквите постапки, како и на нивната сатирička димензија. Тоа, пак, ќе нè одведе кон прашањето за критичките потенцијали на пародијата, односно за нејзиниот однос кон предметот на обработка, кој, на специфичен начин, го удвојува. Одговорот на прашањето „дали испародираниот оригинал произведува критика на современата состојба во општеството, било да е таа жанровска, сатирička, лудичка, комичка итн., или е во прашање проста алузивност која не донесува никаков општествено-историски, политички или културен коментар“ (Kalaba 2017: 10) предизвикува многу полемики. Во „Политиката на постмодернизмот“, Хачион инсистира оваа релација да не се сфаќа како носталгична и

[1] Ние, овде, ќе се занимаваме само со фигуралните единства од хиперболичен тип. Сличен механизам може да се забележи и во односот на пародијата и иронијата. Кажано со зборовите на Линда Хачион, „иронијата делува на микроскопско (семантичко) ниво на ист начин како што пародијата делува на макроскопско (текстуално) ниво“ (Hutcheon 1981: 144).

[2] За хиперболата, како стилска фигура, в. Bagić 2012: 140–146. Во стилистиката, хиперболата се одредува како макроструктурална фигура (Aquien & Molinié 1996: 193–194). Хиперболата најчесто се разгледува во групата на т.н. фигури на мислата (уште наречени логички фигури).

аисторична, туку како критичка (Hutcheon, 2002: 89). Ваквото „создавање на детронизиран двојник“ ја одредува пародијата како амбивалентна (Bahtin 1967: 191)[3]. Во таа насока, и критиката што пародијата може да ја произведе е амбивалентна и, како таква, не е ослободена од оваа двојност: освен што негира, критичката пародија може и да афирмира[4]. Тоа е особено видливо во нејзиниот однос кон традицијата: „Постмодернизмот ја истакнува сопствената зависност со својата употреба на каноните, но ја открива и својата побуна по пат на нивна ироничка злоупотреба“ (Hačion 1996: 218).

Теориската рамка се темели врз трудовите на Линда Хачион, која за пародијата има пишувано во повеќе наврати. Важноста на нејзиниот пристап – пред сè во трудот „Ирониja, сатира, пародија“ (Hutcheon 1981) – е што нуди излез од таксономиската конфузија, поврзана со дефинирањето на овие три поими. Истовремено нејзиниот пристап има за цел да ги надмине ограничувањата на чисто семантичката анализа и на структурните дефиниции, нудејќи поглед во прагматичките специфики на овие феномени. Понатаму, нејзиниот пристап е и интенционалистички зашто во одредувањето на теориските постулати за пародијата, па консеквентно и во интерпретативните постапки, поврзани со нејзини конкретни актуализации, таа ѝ дава повластено место на авторската намера. Во таа смисла, кодирање на намерата од страна на авторот, како и декодирањето од страна на читателот, се клучните точки во продукцијата и рецепцијата на пародијата. Од особено значење се и нејзините монографии во кои пародијата ја разгледува и во контекст на постмодернистичката поетика, укажувајќи на нејзините критички капацитети. Имајќи ги предвид овие насоки, на овој проблем ќе му пристапиме апликативно. Нашата цел е преку романот „Андриќевата скала на ужасот“ (2016) од

[3] Сите итализирани делови во цитатите се на нивните автори.

[4] Грчкиот термин *parodia* означува контрапесна (Hutcheon 1978: 468). За можноста овој термин да се толкува и во поинакво значење (*para* како покрај), односно за да се истакне согласност и интимност, в. Hutcheon 1981: 143 и Hutcheon 2000: 32.

Светислав Басара да покажеме како пародискиот жанр се остварува преку хиперболата[5]. Исто така, ќе укажеме и на можностите преку кои пародијата може да понуди критика на: општеството, традицијата, заблудите и митовите, во различни исказни регистри.

Да ја погледнеме првата реченица од романот:

> „Автопатот Белград–Загреб во суштина е „широк пат што води во пропаст“, отсекогаш сум го знаел тоа, а токму по тој пат взори на осми декември 2009 тргнав во Загреб со задача утредента смртно да се досадувам на книжевна вечера која во рамки на Деновите на српската култура – а по повод неодамна ми на божја сила доделената Нинова награда – предусетливо ја организираше Српското културно друштво Просвета“ (Basara 2016: 9).

Почетокот на романот ни нуди два сигнала, кои заслужуваат посебно внимание. Исказот „широк пат што води во пропаст“ се сретнува во Евангелието по Матеј (7:13), како метафора за лесните, а погубни човечки одлуки и дејствувања, кои не водат до спасение. Во романот овој исказ треба да се доведе во врска со една контроверзна тема, имено српско-хрватските односи низ историјата, па сè до сегашноста.

Вториот сигнал се однесува на автофикцискиот момент со НИН-овата награда, но неговото толкување првенствено зависи

[5] Во поновата писателска фаза на Светислав Басара оваа постапка е мошне изразена, како во неговото уметничко творештво, така и во неговата колумнистичка дејност. Неретко тоа го доведува во центарот на јавното внимание: додека некои луѓе во тие дела гледаат автентичност и „право на провокација“, други гледаат неумесност и политиканство; едни гледаат слободен дух, други човек што ги преминува сите граници на пристојноста. По повод полемиката за „Контраендорфин“ (2020), продолжението на „Андриќевата скала на ужасот“, за кој во 2021 година Басара ја доби НИН-овата награда, критичарот Александар Јерков изјави дека Басара е „единствениот писател кој се избори да каже апсолутно што му се сака“. За другите, смета тој, важи истото правило, но единствено под услов „ако напишат одлична книга“ („Вечерње новости“, 28.1.2021).

од запознаеноста на читателите со некои моменти од животот на познатиот српски писател. Имено, Басара ја добива оваа награда (дури) во 2007 година за романот „Подемот и падот на Паркинсоновата болест“. Многу критичари не го сметаат ова дело за негово најуспешно прозно остварување, па во одлуката токму тој да го понесе најелитното српско признание за роман на годината препознаваа своевидно „враќање на долгови“. Според урбаната легенда, Басара ја заслужил оваа награда уште во 1988 година кога е во трка со неговото, до денешен ден, најпознато дело „Фамата за велосипедистите“. Многу негови романи во текот на деведесеттите години, па и подоцна, се нашле во најтесните избори. Во сите овие случаи, меѓутоа, наградата му измолкнала. Сепак, се сметало дека еден писател од негов калибар не може вечно да биде заобиколен. Оттука, и НИН-овата награда за „Подемот и падот“ е некој вид компромис: за некои можеби тоа е најдобриот роман објавен на српски јазик во 2006 година, но речиси за сите тоа не е врвното остварување на Басара. Мислам дека токму во оваа слика треба да се вклопи автоиронијата дека наградата е доделена „на божја сила“, што веројатно треба да се сфати преку фактот дека наградата му е доделена со тесно мнозинство по многу неуспешни обиди.

Штом тргне на пат кон Загреб, Калоперовиќ – мачејќи се да ја совлада депресијата што го опседнува и стравувајќи дека таа ќе се интензивира ако се откаже од одењето во Загреб и ако се врати назад – одлучува за кратко да го одложи патувањето и да го посети својот пријател, познатиот сликар Десимир Стојковиќ, истовремено и еден од малкуте (тајни) пријатели на Иво Андриќ. Првиот (и најголем) дел од романот, „Андриќевиот венец“, го содржи разговорот на Калоперовиќ со Стојковиќ, којшто во огромна мера е монолог на Стојковиќ, во кој е слеан гласот на Иво Андриќ, а кој е проследен со кратки коментари на Калоперовиќ, истовремено записничар на ситуацијата.

Изборот на ликот на Иво Андриќ, како тежиште на разговорот меѓу двајцата пријатели, не е случаен нималку. До денешен ден многу аспекти од животот на српскиот нобеловец се покриени со велот на тајната. Токму тие животни ситуации – околу кои чаршијата отсекогаш ги плетела своите приказни – се

патот кој води кон создавањето на митската слика за авторот на „Мостот на Дрина“. Тој е Канонот и Авторитетот лично. Сведоштво на Стојковиќ, „последниот“ сведок на „вистината“ за Андриќ, не е само пародија на митскиот дискурс, создаден околу животот и делото на Андриќ, туку на националната митоманија, воопшто. Но, овој роман нема цел да донесе историска, туку книжевна вистина со критичка острица. Книжевната вистина тука се поставува како опонентна на националната митоманија, но без претензии на објективност и на фактографија. Основната цел е да се постигне максимален отклон од доминантниот наратив.

Во „Поетиката на постмодернизмот“, Хачион ја дефинира пародијата како „повторување со критичка дистанца, која овозможува ироничко укажување на разликата во самото средиште на сличноста“ (Hačion 1996: 55). Така, книжевната вистина што ни ја носи пародијата ја дели со митоманијата, како нејзина противтежа, одликата на преувеличеност. Книжевната вистина се користи со преувеличување токму затоа што кон тие постапки прибегнува и митоманијата. Во фактографски поглед, и двете се лажни, со тоа што „лагата“ на книжевната вистина сака да дејствува отрезнувачки: таа е лага против лагата, лага во името на „вистината“. Во Андриќевата скала, хиперболата, како контралага, се поставува централно. Не е возможно да ја откриеме вистинската смисла на пародијата и на книжевната вистина ако ја исклучиме хиперболата. На семантичко ниво, како стилско средство, таа поседува огромни потенцијали, и е првиот показател на феноменот на разликата, кој се остварува во рамките на целината на романот.

Ќе се обидам некои од овие работи да ги образложам преку конкретни примери. Еден од главните стожери на производството и на дистрибуцијата на национални митови Стојковиќ го препознава во „Политика“, „*најстариот дневен весник на Балканот*, како што Политика се рекламира во делириумот на своето старечко лудило“ (Basara 2016: 11). За да укаже на пропагандниот карактер на овој весник, Стојковиќ ја споредува „Политика“ со весникот *Völkischer Beobachter*, главниот орган на Националсоцијалистичката германска

работничка партија. Како би можело да се објасни ова? Ако имаме предвид дека нацизмот е едно од најголемите, ако не и најголемото зло во современата историја, на прв поглед се чини дека едно вакво споредување е, не само, претерано, туку и неумесно. Веројатно таква ќе беше ситуацијата и во овој роман ако хиперболата тука не беше растегната до своите крајни можности, за да се постигне ефектот на апсурдност и на гротескност. Тоа се постигнува со истакнувањето не на сличноста, туку на разликата меѓу овие два весници во прв план: соработниците на *Völkischer Beobachter* пишуваат за своите монструозности „објективно и непристрасно“, на „беспрекорен германски јазик“, а тие текстови се печатат „на фина хартија, во беспрекорен прелом, без ниеден типфелер, за разлика од Политика во која освен типфелери тешко дека има нешто друго“ (Basara 2016: 12). Ова хиперболизирана провокација поаѓа од своевидна инверзија: нацистичкиот весник е пример за техничка професионалност (но, без морални основи); „Политика“, иако новинарски симбол во српското општество, е пример за отсуство на професионалност, подеднакво и во формална и во морална смисла. Ова наполно се вклопува со забелешката на Дентит, кој нагласува дека „секои преувеличувања во изразувањето, секои отстапувања од едноставниот и директен начин на кажување на нештата, како што самата работа ги диктира, се сметаат за соодветни теми за пародија“ (Dentith 2000: 130).

Од друга страна, преувеличувањето е начин да се тестира издржливоста на официјалната вистина и на јавниот дискурс како нејзин носител. Така, наспроти сликата за Андриќ што ја создава „Политика“, стои личното сведоштво на Стојковиќ, чијашто вистинитост не можеме да ја потврдиме. Тие две позиции се дијаметрално спротивни: официјалното и јавното наспроти личното и непотврденото. Еве каков е коментарот на Стојковиќ:

> „Веќе повеќе од пет децении, рече Стојковиќ, откако трупот на Политика во стадиум на тотална исцепканост го фрли во очистувачкиот оган на каминот, секоја боговетна година повторно го читам Андриќ, почнувам од Ex Ponto, завршувам со Знаците крај патот, и со ужасување забележувам

> дека Андриќ од година во година е сè помалку Андриќ, а сè повеќе крпена кукла на Политика, восочна фигура, марионета со која зад редакциските кулиси управуваат избезумените уредници на Политика – чиишто, пак, конци ги влечат оперативците на тајната полиција – марионета која со Андриќ каков што го паметам, а го паметам добро бидејќи ја имав честа добро да го познавам и повремено да одам со него во долги прошетки, нема никаква врска, и не само што нема никаква врска туку на него и не личи“ (Basara 2016: 14).

На овој начин не е доведена во прашање само верзијата на „Политика“, туку и онаа на Стојковиќ. Тој, имено, се прикажува како човек, кој ја знае вистината за Андриќ, но нивните контакти се сведувале на повремено заедничко шетање. Исто така, крајно резервираниот и внимателен Андриќ пред својот пријател зборува на начин целосно несвојствен за него, што предизвикува запрашаност за веројатноста и веродостојноста на пренесените информации. Таа дилема постои дури и кај главниот сведок:

> „Никогаш – рече Стојковиќ по кратка значајна пауза – никогаш ни пред ни потоа не сум го чул Андриќ така да зборува, се сомневам дека некој го слушнал, а повремено се сомневам и јас дека сум го слушнал, толку сè што говореше Андриќ суштински немаше врска со Андриќ, но добро паметам дека го слушнав и од збор до збор паметам сè што ми рече, Бог ми е сведок, се заколна Стојковиќ“ (Basara 2016: 18).

Индикативна е потребата на Стојковиќ да инсистира, па и да се заколне во автентичноста на своето сеќавање, истовремено поткопувајќи го со сопствениот сомнеж, па и со благото иронизирање. Така, официјалната и личната верзија на една историја тука се поставуваат конкурентно, при што личната е пародија на официјалната. Треба, исто така, да се забележи дека, од стилска гледна точка, говорот на Стојковиќ многу наликува на оној од Андриќ. Во повеќе аспекти нивната синтакса е идентична,

нивниот фигуративен репертоар се поклопува. Стојковиќ, така, добива сојузник во Андриќ: тие без малку функционираат како еден глас, како да проговоруваат еден низ друг. Личната приказна на Стојковиќ, пак, видена низ очите на Калоперовиќ, е приказна во која се измешани крајностите, во која наизменично се јавуваат пророкот и шегобиецот. Мешањето на смртната сериозност и циничниот потсмев нѐ остава во дилема дали Стојковиќ „се шегува или е сериозен“ (Basara 2016: 22). Ваквиот премин од еден во друг говорен регистар е наполно во духот на пародијата. Комичката визија ја пронаоѓа својата полнота во трагичката каденца, и обратно: во трагичното и ужасното го слушаме кикотот, веселоста.

Тоа нѐ води кон проблемот на политиката на претставување во романот, која ќе ја разгледаме од аспект на категоријата „пародиска постмодерна репрезентација“ на Линда Хачион. Во „Политиката на постмодернизмот“ таа вели: „постмодернистичката пародија е вредносно проблематизирачка, денатурализирачка форма на признавање на историјата (а преку иронијата, и политиката) на репрезентациите“ (Hutcheon 2002: 90). Оваа постапка е конзистентно спроведена во „Андриќевата скала на ужасот“. Проблематизирањето на официјалната претстава за Андриќ се изведува не преку негово оспорување туку преку критика на начинот на неговата канонизација. Пародиските модалитети добиваат широк спектар: од оние во кои прозборува Стојковиќ како „трагичен пророк“, сѐ до неговите таблоидни коментари за сексуалноста на Андриќ, кои дејствуваат како шок-постапка. Нивната цел, меѓутоа, не е да покажат што е вистина, туку што не е вистина.

Пародирањето на митскиот дискурс за Андриќ се одвива на неколку линии. Едната од нив ја проблематизира раскажувачката постапка на српскиот нобеловец од аспект на нејзината оригиналност, преку сликата за Андриќ како за народен човек. Но, тука се јавува колизија на две претстави. Од една страна, Андриќ му се доверува на Стојковиќ, велејќи му дека е „*народен човек* исклучиво по сила на нужда“ (Basara 2016: 21), но и дека целиот свој живот како писател „го прислушкувал, поткрадувал и плагирал народот“ (Basara 2016: 20). Во поглед на ова второто,

особено е индикативен следниот момент од сеќавањата на Стојковиќ:

> „Сите мои мисли – се сеќавам дека ми рече Андриќ во една прилика, рече Стојковиќ – можат да бидат, а често и се чии било мисли, сето тоа се општонародни мисли, во суштина општи места, секој може да мисли како Андриќ, само што мнозинството го мрзи да мисли, како што секој, само ако малку се потруди, може да пишува како Андриќ, но за тоа никој нема трпение ниту пак тоа го сака, многумина, меѓутоа, би сакале да бидат Андриќ, заради парите, се разбира, во никој случај заради ужасите низ коишто поминав додека не ги заработив. Секој, да речеме, рече Андриќ, на секои гробишта, при секој погреб, џеназа, закоп, можел да ја слушне мојата антологиска реченица „сите ние сме мртви, само се погребуваме по ред“, но во тек на илјада и кусур години наша пишана историја единствено јас се потрудив да извадам нотес и да ја запишам. Тука Андриќ на момент замолче, запиша во нотесот што рече, рече Стојковиќ, за да малку потоа повторно проговори, во нешто понизок регистар“ (Basara 2016: 22–23).

Овој извадок истакнува неколку карактеристични места за романот. Она што прво паѓа во очи е синтаксата и стилот, кои се темелат врз повторувањето како постапка. Меѓутоа, тоа не е стилска несмасност зашто неговата широка дистрибуција во романите на Басара не може да се толкува како невнимателност или невладеење со стилските техники. Станува збор за постапка на вербална сатурација, која, во овој случај, се остварува како преку повторување на исти зборови или синтагми така и преку акумулација на синоними. Но, зошто доаѓа до репетиција и плеонастичност кога, во информациска смисла, станува збор за редундантни елементи? Најоправданото толкување на оваа постапка ми е дека преку неа се укажува на „општествено-економската пракса на механичка репродукција, која ја отежнува или потполно ја укинува оригиналноста и поимот на

непроценлива вредност на оригиналот“ (Kalaba 2017:18)[6]. Ние, значи, повторуваме, рециклираме во неможност да понудиме нешто ново. Тоа можеме да го поврземе и со пародијата на идејата за оригиналноста, преку цитатот[7] од романот „Травничка хроника“ за кој Андриќ признава дека го „украл“ од народот, вадејќи го својот нотес и запишувајќи го тоа што го слушнал, за, веднаш потоа, да ја дуплира истата постапка, овојпат, „крадејќи“ од себеси. Суштината на последнава постапка е поинаква: таа алудира дека оригинална идеја е единствено онаа што ја имплицира својата неможност. Истовремено, тоа е и точка на премин од повисок во понизок говорен регистар, т.е. принижување на ситуацијата, постапка карактеристична за пародиските наративни облици.

Сепак, иако Андриќ најчесто се споменува, оваа книга не е (само) роман за Андриќ[8]. Потребата да се создаде мит од Андриќ е помалку јасна ако се разгледува изолирано. Подобро може да се разбере ако се толкува како еден дел, можеби најпарадигматичен, на системот, кој ја овозможува таквата продукција и кој го фаворизира таквото претставување. Пародијата се покажува како моќна критика на општеството во кое митоманијата е повеќе од успешно средство за легитимација на вредностите: „Како форма на ирониска репрезентација, пародијата е двојно кодирана во политичка смисла: таа истовремено го легитимира и го подрива она што го пародира“ (Hutcheon 2002: 97). Во „Андриќевата скала

[6] Постои уште една можност за толкување на плеоназмот во овој случај. Трите синоними (sahrana, ukop, dženaza) упатуваат на посебни говори, односно средини – српска, хрватска (најкарактеристичен е sprovod, но тука не е употребен), босанска – во кои доминантно се употребуваат. Ова може да се поврзе со прашањето за националниот идентитет на Иво Андриќ. Неговиот јазик во овој извадок ги отсликува сите три идентитети. Тоа може да се толкува како непостоење на еден стабилен идентитет, но и како поигрување со идентитетот како концепт. Сп. подолу во трудот.

[7] Многу често овој цитат можеме да го сретнеме во збирките на „најубавите цитати на Иво Андриќ“. Оттука, сметаме дека изборот на овој цитат е интенционален.

[8] Новица Милиќ смета дека Андриќевата скала на ужасот е „роман за падот“ (Милић 2020: 211).

на ужасот“ се легитимира делото (Стојковиќ, на пример, за „Проклета авлија“ вели дека е „единствен роман во вистинска смисла на тој збор некогаш напишан на т.н. српски јазик“), а се пародира претставата. Меѓутоа, треба да се забележи дека во романот легитимирањето и поткопувањето заеднички се допираат во постапката на преувеличување. Оттука, пародиските облици на некој начин ја преземаат или ја имитираат постапката на претставување во оригиналот, доведувајќи ја до апсурд. Хиперболата претставува релевантен одговор на митоманијата, имено поради нивната сличност. Во „Теорија на пародијата“ Хачион бележи дека пародијата „во својата ирониска ’трансконтекстуализација‘ и инверзија е повторување со разлика“ (Hutcheon 2000: 32). Овој став ни објаснува зошто не е возможна пародиска постапка, којашто, на некој начин, не се огледува во оригиналот. Со други зборови, преувеличувањето (како една од најважните карактеристики на митоманијата) може да се искриткува само со друго преувеличување, но со спротивен предзнак.

Многу често пародијата го експлицира и прашањето за смислата на уметничката креација и за нејзината автентичност. Пародијата како „саморефлексивна техника“ (Hutcheon 2002: 97) во „Андриќевата скала на ужасот“ се согледува во коментарите на Стојковиќ за творештвото на неговиот соговорник, писателот Калоперовиќ, како и во самиот глас на Калоперовиќ, зад кој и го препознаваме Басара. Во почетокот на анализата веќе укажавме на автофикцискиот момент со НИН-овата награда. Стојковиќ му вели на Калоперовиќ дека на Андриќ не му ја доделиле наградата за да го понижат, а дека нему му ја доделиле исто така за да го понижат (Basara 2016: 28). Проблематизацијата на наградите како „културно средство за идеолошка легитимација“ (Hutcheon 2002: 97) е присутно и во случајот со наградата на Железарицата во Сисак, кој е, исто така, автофикциски (Басара ја добива оваа награда за романот „Фамата за велосипедистите“). Сепак, овој проблем е најјасно видлив во коментарите на Стојковиќ за книгите на својот помлад пријател, односно за неговата „наводно проза“, во која за најдобри ги смета местата полни со ласцивности и вулгарности, додека другите во кои „се обидува да

мудрува“ ги прескокнува затоа што го потсетуваат на „ротороманите“ (Basara 2016: 53) од српската книжевност. Кога пак ја споредува прозата на Калоперовиќ со онаа на Андриќ, Стојковиќ му вели на Калоперовиќ:

> „Кога, да речеме, рече Стојковиќ – повремено, по дијагонала – се впуштам во читање на твојата на прв поглед неандриќевска, па дури и антиандриќевска проза, малку-малку па извикнувам – види, Андриќ! – малку-малку па препознавам некоја реченица на Андриќ која лажно ти се претставила како твоја, којашто одамна сум ја прочитал кај Андриќ, но која е, сепак, нешто најдобро во твојата, да ја наречеме, проза“ (Basara 2016: 81).

Тука препознаваме коментар на интертекстуалната, односно цитатната природа на книжевноста, со тоа што неможноста да се биде оригинален тука е толкувана позитивно: она што е најдобро кај нас не е наше. Сигналите дека таа проза Стојковиќ ја сфаќа условно („да ја наречеме проза“), дека ја чита само повремено и дијагонално, и дека во неа е најдобро она што е туѓо, несомнено упатуваат на автоирониска постапка, со која авторот си поигрува со својата писателска позиција и авторитет, како и со своите уметнички способности и резултати. Така, во крајна инстанција, текстот кој доведува сè во прашање, мора да се доведе во прашање и себеси.

Слични пародиски постапки пронаоѓаме и во вториот дел на романот, „Снежана и седумте џуџиња“. Стојковиќ му раскажува на Калоперовиќ дека прочитал текст („Андриќевата маска“) од српскиот книжевен историчар и критичар Предраг Палавестра, објавен во списанието „Андриќеви тетратки“, кое го именува како „таблоид на Андриќевата задужбина“ (Basara 2016: 124). Пародирањето на текстот на Палавестра Стојковиќ го изведува во шегобиен тон, притоа трансформирајќи го своето тело и својата надворешност во онаа на Палавестра. На тој начин, се исмева институцијата на авторитетите и на нивните незаслужени позиции во општеството. Во карикатуралниот перформанс на

Стојковиќ телото е медиум на пародијата. Од овој аспект, Стојковиќ е антипод на Андриќ, кој, пак, се грози од пропадливоста на телото, од неговата непостојаност: на параноичната фигура ѝ е сопоставена гротескната фигура, на стабилноста ѝ е сопоставена флуидноста. Гротескното тело е, вели Бахтин, „тело во настанување. Тоа никогаш не е готово, завршено: секогаш настанува, се создава и, од своја страна, гради и создава друго тело“ (Bahtin 1978: 333). Гротескното тело на Стојковиќ ја осознало „тајната на невидливоста“ (Basara 2016: 125), која му овозможува да создава привиди[9].

Втор интересен момент е предвидувањето на Андриќ за распадот на Југославија и пропаста на југословенската идеја:

> „Кога само ќе помислам, рече потоа Андриќ, со каков жар во младоста ја прегрнав идејата за југословенството и кога ќе се присетам дека поради југословенската идеја исвесно време бев член на терористичката организација Млада Босна, па кога ќе погледнам на што се сроза идејата за Југословенството, ми доаѓа да се вратам во 1914 година, во башчаршијската гунгула да го пронајдам Принцип, да го однесам на ќебапи и боза кај Хаџихафизбеговиќ и отворено да му кажам – Гаврило, ако мораш да пукаш, пукај си во глава“ (Basara 2016: 131–132).

Пресметката со младешките идеали Андриќ ја изведува преку иронизација на херојскиот патос, кој ги втемелува заблудите, па и самата југословенска идеја. Претставата за Андриќ како за пророк, кој го предвидува крвавиот распад на СФРЈ и бестијалната борба за наследството, е дополнета со неговото предвидување за конфликтите, коишто ќе избијат околу неговиот национален идентитет и неговата припадност кон националните литератури. Иронискиот тон е особено истакнат во

[9] За некои други прашања поврзани со проблемот на телесноста во овој роман в. Копања, 2020.

приказната за „претседателот на т.н. југословенската влада, т.н. генерал Симовиќ“, кој добил писмено известување од Берлин за претстојниот германски напад на Југославија, но тој не го чита писмото зашто не се вклопува во неговите приватни планови (свадба на ќерката). Ова претставува уште една во низата постапки на принижување. Тука причината за една голема историска трагедија не се толкува преку интересите на големите сили и геостратешките цели и позиции во определен историски контекст, туку преку баналноста на една себична одлука. Така, трагедијата е резултат на неспособноста да се разликува должноста од желбата, јавното од приватното. Во оваа своевидна параболизација, Андриќ, така да се изразиме, не ја толкува Југославија преку Симовиќ, туку Симовиќ го толкува преку Југославија. Тој е „духовно мрзелив“ зашто живее во „царството на духовната мрзеливост и на бедата“ (Basara 2016: 133), а не обратно. Овој метод, чијашто формула се обидов да ја скицирам, претставува чворна точка на неговата аргументација.

Во однос на говорниот стил на Андриќ, особено паѓа в очи прекумерната употреба на синтагмата „нашиот народ“. Според Дентит, „еден од типичните начини на кои пародијата функционира е да се фати за одредени аспекти на еден манир или стил и да ги преувеличи до апсурден ефект. Во ова постои очигледна критичка функција, бидејќи самиот чин на пародија прво мора да вклучи идентификување на карактеристична стилска навика или манир, а потоа да ги направи комички видливи“ (Dentith, 2000: 32). Несомнено, тука станува збор за пародија на колективистичката свест. Релативно ограниченият простор во кој повеќекратно се дистрибуира синтагмата „нашиот народ“ алудира на автоматизација во јазичната употреба, без евалуаторското посредство на свеста. Рутинизираниот говор е лишен од подлабоко значење, тој е сведен на повторливи формули, кои носат поедноставена и тривијална слика за светот.

Како особено впечатлив пример за хипербола во вториот дел од романот можат да ни послужат Андриќевите размислувања за Русија. Преувеличувањата служат да ја интензивираат поларизацијата меѓу природата на Андриќевата личност („граничен случај, кој е целиот од граници, граничници,

гранични ситуации и гранични вредности“) и природата на руската официјална политика („не признава никакви граници, освен оние нацртани во Кремљ“; Basara 2016: 160). Хиперболата е главен механизам и во пародијата на културниот дискурс за руската книжевност. За Андриќ, руските романи се „оружја за масовно уништување, крстаречки проектили на менталната хемиско-биолошка војна“ и како такви треба да се читаат со „гас маска“, додека романите на Достоевски ги означува како „психопатолошки“ (Basara 2016: 160). Несомнено, ова е едно од местата во романот, каде што читателите најсилно си го поставуваат прашањето за веројатноста на ваквите претстави. Радикалноста на самото кажување повторно е во судир со претставата за Андриќ како човек на мерата, па така доаѓа до мешање на сериозноста и резервираноста, кои го почитуваат принципот на мерата и на рамнотежата, со иронијата и со бруталната директност, кои го нарушуваат тој принцип. Дисонантниот тон што го создава колизијата на двете претстави дополнително ја засилува контроверзноста на неговиот лик, во кој се истакнува неговата внатрешна амбивалентност.

Третиот дел („Југоносталгија“) започнува со враќањето на Калоперовиќ од книжевната вечер во Загреб. Дури во овој дел неговата позиција станува истакната и веќе не служи (само) како записничар на зборовите на Стојковиќ туку е носител на лична приказна. Во значајна мера, третиот дел претставува пародија на митот за српско-хрватските односи, артикулиран и во југоносталгијата и во југофобијата. За Калоперовиќ, заедничкото живеење на Србите и Хрватите е:

> „пример за живот во тесна симбиоза од која секоја страна има само штети. Србите и Хрватите се во извесна смисла масовен доктор Џекил и мистер Хајд (...) Мака за духот, тоа се Србите и Хрватите, двојајчани сијамски близнаци кои не се поднесуваат, а немаат каде, ете што се Србите и Хрватите“ (Basara 2016: 195).

Тука преку реторичка амплификација нараторот предложува релативно тривијална слика за српско-хрватските односи, кои се

трагични во својата зададеност. Поедноставеното претставување заправо е пародиски облик на националните митологии, втемелени во дихотомијата „ние – тие“, при што се „презема“ нивната логика, но не и нивната реторика.

И покрај тоа што Југославија ја смета за „концетрациски логор од отворен тип“, Калоперовиќ жали за неа: „Имаше во Југославија мноштво недостатоци, тука имаше, да зборуваме чесно, сè и сешто, но имаше и добри нешта, да ја земеме за пример репресијата“ (Basara 2016: 197). Ироniската визија на Калоперовиќ на некој начин кореспондира со онаа на Стојковиќ, па и со онаа на Андриќ. Неизбежно е читателот да ја преиспитува сериозноста на ваквите констатации, зашто и тие се двојно кодирани: тие ја легитимираат југоносталгијата (впрочем, Калоперовиќ е нејзин носител), но истовремено делуваат субверзивно. Поради тоа, пародијата се јавува како носител на „политичките контрадикции“ (Hutcheon 2002: 97) и на контроверзните теми. Хиперболата повторно е речиси доведена до самоукинување. Таа се интензивира во градењето антитетички структури, кои ги артикулираат ироничкиот и сатиричкиот етос[10], како во примерот со псевдонаучниот поглед на Стојковиќ:

> „Какви ни беа нужниците, таква ни беше и иднината, рече потоа Стојковиќ, а и таа е одамна минато, исто така рече, не можеме ние ни да мрднеме од минатото, во Србија, освен во граматиките во кои – а и во нив сè поретко – повремено се споменуваат презентот и футурот, на сила е само минатото, тоа не е фикција, тоа е научен факт што одамна се изучува по

[10] Терминот „етос“ во однос на иронијата, сатирата и пародијата го среќаваме кај Линда Хачион (в. Hutcheon 1981: 145). Во овие случаи етосот, смета Хачион, е многу повеќе патос, тоа е чувството што кодирачот сака да го пренесе до декодирачот: „Етосот е намерна реакција, субјективен впечаток кој сепак е мотивиран од објективен податок: текстот“ (Hutcheon 1981: 145). Таа разликува три етоса: ирониски (потсмешлив), сатирички (пежоративен) и пародиски (неутрален или лудички). Во теоретска (чиста) ситуација, ироничкиот и сатиричкиот етос се маркирани, а пародискиот е немаркиран.

> белосветските катедри за славистика“ (Basara 2016: 190).

Од друга страна, кај Калоперовиќ хиперболичната визија раѓа сомнеж, но тој сепак останува при неа: „А да не претерувам во претерувањето и во преувеличувањето, помислив, но од внимателност не изговорив, за веднаш потоа да помислам дека во суштина ни одблиску не претерувам онолку колку што би требало и дека не преувеличувам онолку колку што материјата бара“ (Basara 2016: 206). Преку оваа саморефлексија, всушност се проблематизира, но и се оправдува радикалноста на наративната постапка. Тоа е авторската дијалошка свест.

Во четвртиот дел, „Сестрата Агнес од Крст“, Калоперовиќ раскажува за средбата со католичката сестра Агнес за време на неговиот престој во Загреб. Калоперовиќ во првиот момент не успева да ја препознае, но кога таа му се претставува со нејзиното световно име (Власта), нарацијата добива мелодрамски тонови. Имено, станува збор за младата секретарка во Железарницата во Сисак со која Калоперовиќ, непосредно по доделувањето на наградата, станува интимен. Чесната сестра го известува српскиот писател дека е можно нејзиното дете да е и негово, но бидејќи во предвоените денови била многу промискуитетна, потрагата по таткото на нејзиниот син била и повеќе од залудна. Целокупната сцена на разговорот меѓу сестрата Агнес и Калоперовиќ претставува демистификација на митот за невиноста, односно на инфантилните сфаќања за невиноста, постапка што во сликарството ја применува и Стојковиќ сликајќи го своето ремек-дело „Снежана и седумте џуџиња“. Романот завршува со ненадејната (а истовремено предвидена) смрт на Стојковиќ. Откако Калоперовиќ ја констатира смртта на својот пријател, му ги изговора на уво претходно договорените зборови: „мртов си, мртов си, Стојковиќ, нека ти влезе во глава дека си мртов“, на што Стојковиќ („од онаа страна“) му одговара „знам, идиоту“ (Basara 2016: 273). Така, „големиот сликар кој престана да слика“ (Basara 2016: 273) си заминува без патетика од светот, како вистински итрец и циник, кој и во смртта не престанува да биде тоа што е.

Ова читање на романот „Андриќевата скала на ужасот“ укажа на примарната важност на хиперболата во градењето на пародискиот текст. Па, сепак, иако може да изгледа дека пародиските постапки се релативно податни за интерпретација, мошне често читателските одговори на нив се изразито хетерогени, од фасцинација до одбивност. Критериумите на читателската компетенција тука единствено делумно можат да ни бидат од помош. Не е невообичаено еден читател да поседува соодветни компетенции[11], кои би му овозможиле да ја разбере пародијата, но истовремено да ја отфрли, сметајќи ја за неуспешна, тривијална, непримерна или, пак, вулгарна. Од друга страна, кај одреден читател е возможно тие компетенции да не бидат најизразени, но тој да ја прифати пародијата од чисто субјективни побуди. Во таа смисла, резонирањето на декодирачот треба да корелира со сугестивниот импулс на пародијата: рецепцијата е перцепција.

Во името на оваа формула треба да се сфати и хиперболичката сатурација на текстот. Како што се покажа, хиперболизацијата е соодветно средство за постигнување на разлика, втемелена во сличност. Нејзината природа е многу блиска до онаа на пародијата и токму поради тоа има задача на семантичко рамниште да ги рефлектира процесите што го карактеризираат жанровскиот тоталитет. Од хиперболата првенствено зависи читателската реакција, односно дали читателот ќе ја прифати, отфрли или, пак, ќе остане потполно рамнодушен кон авторската интенција. Хиперболата го означува примарниот судир на читателот со текстот. Преувеличувањето, во таа смисла, го следи во стапка пародискиот етос и ја изразува ироniската позиција. Исто така, тоа ги маркира вредносните ориентации, истакнувајќи го понекогаш и нивниот судир, нивната амбиваленција. Оттука, читателскиот одговор во голема мера зависи од начинот на кој овие вредносни параметри кореспондираат со неговиот поглед на свет. Истовремено, таа

[11] За прашањето на компетенциите при читањето на пародиски текстови, в. Hutcheon 1981.

може да учествува и во неговото градење. Можеме, значи, во овој контекст, да зборуваме за двојна улога на хиперболата: потребно е таа да конгруира со еден вредносен систем, но, исто така, таа може да конструира светоглед.

Прашањето за критичката димензија на ваквите текстови несомнено произлегува од она што беше кажано досега. Првенствено, пародијата претставува критика на моделите на репрезентација во културата. Нејзината ревалоризаторска функција, сепак, не е нужно деструктивна[12]. Во овој роман на Басара, како што се виде, пародијата има сатиричен предзнак, но во тој свој дух таа, ако може така да се изразиме, тежнее да биде сериозна и покрај несериозноста. Да биде ладнокрвна во трагикомичноста. Таа сака да го спои неспоивото. „Најужасното во ужасот е во тоа што, кога малку подобро ќе размислиш, во него нема ништо ужасно“ (Basara 2016: 182), вели Стојковиќ. Ваквото антитетичко единство е највисокиот израз на таа парадоксалност.

Литература/References:

Копања, Јована М. (2020). „Ко је убио Андрића?! Гротескна представа и карневализација стварности као постмодернистичка обележја романа *Андрићева лествица ужаса* Светислава Басаре“. *Zbornik za jezike i književnosti Filozofskog fakulteta u Novom Sadu* № 10. 157–168. [Kopanja, Jovana M. (2020). „Ko je ubio Andrića?! Groteskna predstava i karnevalizacija stvarnosti kao postmodernistička obeležja romana *Andrićeva lestvica užasa* Svetislava Basare“ [“Who Killed Andrić?! Grotesque Performance and Carnivalization of Reality as Postmodernist Features in the Novel *Andrić's Scale of Horror* by Svetislav Basara”]. *Zbornik za jezike i književnosti Filozofskog fakulteta u Novom Sadu* [*The Journal for Languages and Literatures of the Faculty of Philosophy in Novi Sad*] № 10. 157–168. (In Serbian.)]

[12] Во проучувањата малкумина укажуваат на можноста пародискиот дискурс да ги врати во центарот по малку заборавените и маргинализирани имиња на културната историја, или, пак, да истакне моменти од животот и делото на познати поединци, кои останале во сенката на нивните останати остварувања. Оваа реаниматорска функција на пародијата е *par excellence* критичка, таа воспоставува афирмативен однос кон одредени топоси на традицијата. Сепак, таа често се изведува преку изразито деструктивна критика како противтежа.

Милић, Новица. (2020). *Хаосмос Басара: размишљања уз једну књижевност*. Београд: Factum. [Milić, Novica. (2020). *Haosmos Basara: razmišljanja uz jednu književnost* [*Chaosmos Basara: Reflections on a Literature*]. Beograd: Factum. (In Serbian.)]

Aquien, Michèle, & Molinié, Georges. (1996). *Dictionnaire de rhétorique et de poétique*. Paris: Librairie Générale Française.

Bagić, Krešimir. (2012). *Rječnik stilskih figura*. Zagreb: Školska knjiga.

Bahtin, Mihail. (1967). *Problemi poetike Dostojevskog*. Beograd: Nolit.

Bahtin, Mihail. (1978). *Stvaralaštvo Fransoa Rablea i narodna kultura srednjega veka i renesanse*. Beograd: Nolit.

Basara, Svetislav. (2016). *Andrićeva lestvica užasa: gotski roman*. Beograd: Laguna.

Dentith, Simon. (2000). *Parody*. London and New York: Routledge.

Hačion, Linda. (1996). *Poetika postmodernizma: istorija, teorija, fikcija*. Novi Sad: Svetovi.

Hutcheon, Linda. (1978). Ironie et parodie: stratégie et structure. *Poétique* № 36. 467–477.

Hutcheon, Linda. (1981). Ironie, satire, parodie. *Poétique* № 46. 140–155.

Hutcheon, Linda. (2000). *A Theory of Parody: The Teachings of Twentieth-Century Art Forms*. Urbana and Chicago: University of Illinois Press.

Hutcheon, Linda. (2002). *The Politics of Postmodernism*. London and New York: Routledge.

Kalaba, Jovanka D. (2017). *Komparativna analiza parodijskih narativa u romanima* Objava broja 49 *Tomasa Pinčona i* Fama o biciklistima *Svetislava Basare* (doktorska disertacija). Beograd: Filološki fakultet.

Литературата во интеркултурен контекст

Literature in Intercultural Context

UDK: 821.163.41-1.09

ИДИОТ СТАНИСЛАВА ВИНАВЕРА: РАТНИ ДРУГОВИ И ТРАГОВИ РУСКЕ КУЛТУРЕ

Вељко С. Ивановић
Поставља се, стога, питање: Каква је, у односу на (не)могућност израза, судбина „велике душевне свести“? Уколико не постоји изречена порука о „земаљском рају“, онда, посматрано у витгенштајновским координатама релација, ни сâм рај не може бити мишљен као доступна стварност. Тако један наизглед споредан детаљ Винаверове песме не само да призива искуство руске књижевности, већ доводи до пуне артикулације смисао „велике душевне свести“ међу људима.

Њено остварење не само у делатном, већ и у артикулацијском погледу, остаје немогуће. Дачина смрт и последње писмо, у форми пронађеног рукописа, додатно наглашавају Винаверову црту антрополошког песимизма. Као једина сведочанства племените стваралачке тежње остају писма – односно, на поетичком нивоу, књига као залог духовности. О „великој душевној свести“ можда најупечатљивије сведоче речи супруга Аделаиде Јепанчине, кнеза Ш., у значењској сагласности с поентом Винаверове трагедије о учитељу из села Вреоца[22].

[22] „ – Драги кнеже – прихвати кнез Ш. некако обазриво, измењавши погледе с неколицином присутних – рај на земљи се не постиже тако лако, а ви као да рачунате на рај; рај је потешка ствар, кнеже, много тежа него што се чини

Ипак, непостигнути рај у Винаверовој песми опстаје као „рајска“ представа друге врсте. Тај момент непосредно је повезан с идејом књиге као залога духовног у човеку.

На самом почетку „Даче учитеља“ указано је на несклад између Дачине спољашње појавности, обележене малограђанским навикама, и његове потребе да чита велике писце руске књижевности. Тај раскорак између понашања и унутрашње духовне оријентације додатно је наглашен чињеницом да прво припада јавном, друштвеном плану, а друго приватном, „читалачком“ кругу. Такође је истакнуто да се ова изразита амбиваленција разрешава у оквиру једног вида метафикционалности. О чему је, дакле, реч?

Дача је, несумњиво, јунак којег је Станислав Винавер обликовао у збирци *Ратни другови*. „Протагонисти“ своје поезије Винавер приписује високу аксиолошку свест утемељену у читању класичне руске књижевности, пре свега Достојевског. Та чињеница упућује на дух стваралаштва Достојевског, и златног доба руског романа уопште. У томе контексту може се указати на једну од његових основних константи: бригу за судбину „малог“ човека, маргинализованог и скрајнутог. Често прожета хришћанском осећајношћу, класична руска књижевност почива на уверењу да човек није истоветан сопственом испољавању, те да се иза његових поступака и мисли, ма колико они били противречни, крије унутрашња, правична намера. Руска литература одређена је свешћу о нужности одбране човека.

Управо овакво двојство сусрећемо у лику Даче учитеља. Његове политичке махинације, као и имплицитно сугерисана бирократска нарав, упућују на човека од којег треба зазирати. Међутим, исти лик, како Винавер истиче, „зна у прсте“ „Достојевског, Толстоја, Тургењева“. Руска литература, дакле,

вашем дивном срцу. Него, боље оставимо тај разговор, јер ћемо се опет сви збунити, а тада...

– Хајдемо да слушамо музику – оштро проговори Лизавета Прокофјевна љутито устајући с места.

За њом и сви остали одоше“ (Dostojevski 1977b: 28).

делује као простор искупљења његове духовне индивидуалности. Управо у том контексту треба разумети и Дачину потребу да пише писма јунакињама омиљених романа. Да ли, онда, иза те конкретности стоји и једна имплицитна порука?

Дача, у односу на двострукост сопственог испољавања – истовремено и позитивног и негативног – као личност бива „оправдан“ унутар хоризонта руске књижевности као њен аутентични јунак.

Другим речима, назнака метафикционалности може се уочити у идеји да Дача сâм бира чији ће књижевни лик постати.

Винавер у *Ратним друговима* обликује лик донкихотског маштара који, уз наговештаје психичке рањивости, верује у оно што не постоји. Насупрот томе, дух руске књижевности сугерише да се и у паланачком интриганту може открити човек *достојан* људског *достојанства*, појединац који управо у раскораку између превртљивости и читања Достојевског проналази могућност да постане јунак руске литературе.

* * *

У својим размишљањима о проблему рајског у *Идиоту*, Драган Стојановић као „немалу тајну уметности Достојевског“ издваја способност да се изрази радост постојања упркос чињеници да је „живот само пакао болно осујећених и сукобљених страсти, убилачких и самоубилачких порива, грамзивости, похоте, неповерења, лажи, гротескних бесмислица, баналности...“ (Стојановић 2022: 143–144). Таква филозофска перспектива доводи до парадоксалног увида да је „рај пакао“ (Стојановић 2022: 144). Поставља се, стога, питање да ли дијалектика живота у непрекидном смењивању позитивних и негативних садржаја, у коначном исходу подразумева прихватање и једног и другог. Достојевски, чини се, *Идиотом*, али и другим својим романима, на то питање даје недвосмислен потврдан одговор.

Винаверова транспозиција овакве идејне усмерености у сопствени мисаони и поетолошки оквир отуд делује занимљивије. Како је већ указано, песникова емпатија према

јунацима – „ратним друговима“ – не води ка трансцендентној утеси, већ се остварује у тону саучешћа. Такав исход може деловати изненађујуће, нарочито ако се има у виду да је књига на коју „Дача учитељ“ највише реферира – *Идиот* – у Достојевсковом искуству по повратку у Русију била повезана с посебним видом *религијске утехе* (уп. Григорјев 2016: 34). Поставља се, стога, кључно питање: Како функционише механизам утехе у поетском свету у којем и Дача учитељ и кнез Лав Николајевич Мишкин, упркос интензивном духовном животу, окончавају трагично?

Суштина Винаверове интертекстуалне мреже засноване на позивању на *Идиота*, као и судбина Достојевсковог јунака, не могу се у потпуности разумети ако се проблем постави искључиво у хоризонту трагичког исхода. И Винавер и Достојевски есенцијалност својих ликова темеље не на њиховој смрти, већ на њиховом животу. Стога се трагика не може посматрати као коначно значење у делу које се ослања на хришћански духовни модел.

Уколико се осврнемо на оно што испуњава живот кнеза Мишкина, уочава се да искрено уважавање од стране других ликова надвладава негативне поступке уперене против њега. Тај моменат функционише као континуирани подтекст „Даче учитеља“, одражавајући се у Дачином писању „тургењевљевских“ писама непостојећим Рускињама. На поетичком плану, мотив писама приближава се теми авангардног донкихотизма, чак и када се из те сензибилности изоставе историјско-витешки елементи. Сходно томе, значај Даче као лирског јунака не произлази из његове погибије, већ из начина на који је његов живот обликован. Тај живот не може се свести на трагичност само зато што је прекинут, нити због назнака „идиотства“. Напротив, донкихотизам као основни облик духовности испуњава његово постојање и посредује у преносу идеалистичког система Достојевсковог романа.

Књижевноисторијска чињеница да авангарда тежи полемичком односу према религијској тематици остаје несумњива. Тим пре је уочљиво да се религијски мотиви јављају

као део ширег експерименталног поетичког поља. У том контексту, Радован Вучковић говори о Винаверу у категоријама „теистичког егзистенцијалистичког езотеризма, што се наслања на наше језичке и књижевне моделе и на поимање језика у смислу антифункционалистичког спиритуализма“ (Вучковић 2011: 193).

Винаверов случај, посматран у оквиру целокупног опуса, није усамљен. Ипак, остаје дилема: Може ли се „Дача учитељ“ посматрати као остварење које само привидно припада овом моделу? Религијски елементи, како је већ истакнуто, у периоду авангарде пролазе кроз нову уметничку обраду. Међутим, остаје отворено питање да ли се тај процес може у потпуности поистоветити с обликом идеализма који измиче строго уметничком оквиру и у себе укључује егзистенцију као вредност „лепог“ у ширем, не искључиво естетском смислу.

Винавер је у „Дачи учитељу“ посегао управо за оваквим обликом изванууметничке лепоте, која не носи ни строго теолошка ни филозофска обележја. Она сведочи о постојању дубљег, искуственог слоја лепог, дубљег од оног који уметност, авангардна или било која друга, може у потпуности да обухвати. Интертекстуална мрежа „Даче учитеља“ рефлектује искуство једне од најзначајнијих књига о лепоти, конкретизујући тако Винаверово разумевање донкихотизма.

Литература / References

Бојанић Ћирковић, Мирјана Д. (2017). *Типологија читалаца у романима Милорада Павића у контексту савремених теорија читања* [*Typology of readers in the novels by Milorad Pavić in the context of modern theories of reading*]. Докторска дисертација. Ниш: Универзитет у Нишу, Филозофски факултет. (In Serbian.)

Буњин, Иван Алексејевич. (2010). *Господин из Сан Франциска: изабране приче 1894–1920* [*The Gentleman from San Francisco: Selected Stories 1894–1920*]. Прир. Никола Дробњаковић, прев. Никола Николић и др. Београд: Бернар. (In Serbian.)

Велимировић, Свети владика Николај. (2014). „Достојевски и Ниче“. У: Свети владика Николај Велимировић. *Сабрана дела*, том 2 [“Dostoevsky and Nietzsche”. In: Saint Bishop Nikolay Velimirović.

Collected Works, Volume 2]. Шабац: Глас цркве; Соко: Манастир Светог Николаја. 556–574. (In Serbian.)

Винавер, Станислав. (1975). *Критички радови Станислава Винавера* [*Critical works of Stanislav Vinaver*]. Прир. Павле Зорић. Нови Сад: Матица српска; Београд: Институт за књижевност и уметност. (In Serbian.)

Винавер, Станислав. (2012). *Душа*, *звер*, *свест: есеји о европској и светској књижевности* [*The Soul*, *The Beast*, *The Consciousness: Essays on European and World Literature*]. Прир. Гојко Тешић. Дела Станислава Винавера, књ. 7; Београд: Службеник гласник, Завод за уџбенике. (In Serbian.)

Винавер, Станислав. (2015). *Европска ноћ: сабране песм*е [*European Night: Collected Poems*]. Прир. Гојко Тешић. Дела Станислава Винавера, књ. 10. Београд: Службеник гласник, Завод за уџбенике. (In Serbian.)

Вранеш, Бранко М. (2012). „Тужна срећа последњих витезова: Андрићев Ћамил и кнез Мишкин Достојевског“. У: *Иво Андрић у српској и светској књижевности* [“The Sad Happiness of the Last Knights: Andrić’s Ćamil and Dostoevsky’s Prince Myshkin”. In: *Ivo Andrić in Serbian and World Literature*]. Научни састанак слависта у Вукове дане, Београд, 15–17. 9. 2011; 41/2. Београд: Међународни славистички центар. 105–121. (In Serbian.)

Вранеш, Бранко. (2022). *Витезови модернизма: витешки идеал у српском и светском роману XX века* [*Knights of Modernism: The Chivalric Ideal in the Serbian and World Novel of the 20th Century*]. Нови Сад: Академска књига. (In Serbian.)

Вулетић, Витомир. (2014). *Тургењев и племићка гнезда* [*Turgenev and the Noble Nests*]. Нови Сад: Академска књига. (In Serbian.)

Вучковић, Радован. (2011). *Поезија српске авангарде* [*Poetry of the Serbian Avant-Garde*]. Београд: Службени гласник. (In Serbian.)

Григорјев, протојерej Дмитриј. (2016). *Достојевски и црква* [*Dostoevsky and the Church*] Прев. с руског Мирјана Грбић. Београд: Логос. (In Serbian.)

Делић, Јован. (2015). „*Ратни другови* Станислава Винавера“. У: *Поезија и модернистичка мисао Станислава Винавера: зборник радова* . [“War Comrades of Stanislav Vinaver”. In: *Poetry and Modernist Thought of Stanislav Vinaver: Collection of Works*]. Ур. Предраг Петровић. Београд: Институт за књижевност и уметност; Шабац: Библиотека Шабачка. 149–190. (In Serbian.)

Зерчанинов, А. А.; Рајхин, Д. Ј.; Стражев, В. И. (1947). *Руска књижевност: од Гогоља до Чехова* [*Russian Literature: From Gogol*

to Chekhov]. Редакција проф. Н. Л. Бродскога. Београд : Просвета. (In Serbian.)

Јовановић, Јован, В. (2015). „Винаверова поезија и модерни песнички правци“. У: *Заноси и пркоси Станислава Винавера: критичари о делу Станислава Винавера* [“Vinaver’s poetry and modern poetic trends”. In: *The Passions and Defiances of Stanislav Vinaver: Critics on the Work of Stanislav Vinaver*]. Дела Станислава Винавера, књ. 18. Београд: Службеник гласник, Завод за уџбенике. 523–568. (In Serbian.)

Јовић, Бојан М. (2015). „Први светски рат као формативни принцип групне динамике и поетике првог таласа српске авангарде“. У: *Велики рат и српска авангарда; Први светски рат и српска књижевност; Два века од Вукове* Мале простонародне славеносрпске пјеснарице [“The First World War as a formative principle of group dynamics and poetics of the first wave of the Serbian avant-garde”. In: *The Great War and the Serbian Avant-garde; The First World War and Serbian Literature; Two Centuries since Vuk’s* Little Folk Slavonic-Serbian Poems]. Научни састанак слависта у Вукове дане. Београд: Међународни славистички центар, 2/44. 253–262. (In Serbian.)

Павловић, Миодраг. (1981). *Есеји о српским песницима* [*Essays on Serbian poets*]. Изабрана дела Миодрага Павловића, књига трећа. Београд: „Вук Караџић“. (In Serbain.)

Петров, Александар. (1996). *Српски модернизам: гласници*, *гласила*, *студије* [*Serbian Modernism: Messengers*, *Media*, *Studies*] Београд : Просвета. (In Serbian.)

Раичевић, Горана С. (2015). „Велики рат и српска авангарда“. У: *Први светски рат и српска књижевност; Два века од Вукове* Мале простонародне славеносрпске пјеснарице [“The Great War and the Serbian Avant-Garde”. In: *The First World War and Serbian Literature; Two Centuries Since Vuk’s* Small Folk Slavonic-Serbian Poem]. Научни састанак слависта у Вукове дане, 2/44. Београд: Међународни славистички центар. 263–274. (In Serbian.)

Симовић, Љубомир. (2008). *Дупло дно* [*Double Bottom*]. Одабрана дела Љубомира Симовића, књига 7. Београд : Београдска књига. (In Serbian.)

Стојановић, Драган. (2022). *Рајски ум Достојевског* [*Dostoevsky’s Paradise Mind*]. Београд: Досије студио. (In Serbian.)

Тешић, Милосав. (2016). *Певање и мера* [*Singing and Measure*]. Београд: Службени гласник. (In Serbian.)

Хамовић, Драган. (2015). „Обнова епског импулса у поставангардној поезији Станислава Винавера“. У: *Поезија и модернистичка мисао Станислава Винавера: зборник радова* [“Revival of the Epic Impulse in the Post-Avant-Garde Poetry of Stanislav Vinaver”. In: *Poetry and Modernist Thought of Stanislav Vinaver: Collection of Papers*]. Ур. Предраг Петровић. Београд: Институт за књижевност и уметност; Шабац: Библиотека Шабачка. 209–222. (In Serbian.)

Црњански, Милош. (1993). *Лирика* [Miloš Crnjanski, *Poetry*]. Београд: Задужбина Милоша Црњанског, БИГЗ, СКЗ, [Lausanne] L’Age d’Homme. (In Serbian.)

* * *

Crnjanski, Miloš. (1992). *Ispunio sam svoju sudbinu* [*I Have Fulfilled my Destiny*]. Prir. Zoran Avramović, pogovor Nikola Milošević. Beograd: BIGZ, SKZ, Narodna knjiga. (In Serbian.)

Čehov, Anton Pavlovič. (1990). *Pripovetke* [Anton Chekhov, *Stories*]. Prev. Milosav Babović i dr. A. P. Čehov. Sabrana dela, knjiga osma. Beograd: Jugoslavijapublik; Čakovec: Zrinski. (In Serbian.)

Dostojevski, Fjodor Mihajlovič. (1977a). *Idiot* [*Idiot*]. Knjiga I. Prev. Jovan Maksimović, redaktor prevoda Petar Mitropan. Beograd: Rad. (In Serbian.)

Dostojevski, Fjodor Mihajlovič. (1977b). *Idiot* [*Idiot*]. Knjiga II. Prev. Jovan Maksimović, redaktor prevoda Petar Mitropan. Beograd: Rad. (In Serbian.)

Eco, Umberto. (1979). *The Role of the Reader: Explorations in the Semiotics of Texts*. Bloomington: Indiana University Press.

Gazdanov, Gajto. (2000). *Istorija jednog putovanja* [*The History of a Journey*]. Prev. sa ruskog Duško Paunović. Beograd: Paideia. (In Serbian.)

Lotman, Jurij Mihajlovič. (2017). *Besede o ruskoj kulturi: svakodnevica i tradicije ruskog plemstva (XVIII vek – početak XIX veka)* [*Discourses on Russian Culture: Everyday Life and Traditions of the Russian Nobility (XVIII century – beginning of the XIX century)*]. S ruskog prev. Zorislav Paunković. Novi Sad: Akademska knjiga. (In Serbian.)

Ljermontov, Mihail Jurjevič. (1963). *Junak našeg doba* [*A Hero of Our Time*]. Prev. Miloš Moskovljević. Beograd: Rad. (In Serbian.)

Petković, Novica. (1968). „Varijacije Vinaverovih tema“. У: *Artikulacija pesme* [“Variations on Vinaver’s Themes”. In: *The Articulation of a Poem*]. Sarajevo: Svjetlost. 27–68. (In Serbian.)

Puškin, Aleksandar Sergejevič. (1979). *Lirika* [Alexander Pushkin, *Lyrics*]. Sabrana dela Aleksandra Puškina u osam knjiga, redakcija dr Milorad Pavić, knjiga prva. Beograd: Rad. (In Serbian.)

UDK: 821.163.3:811.131.1'255.4

ИТАЛИЈАНСКИТЕ ПРЕВОДИ НА МАКЕДОНСКИТЕ КЛАСИЦИ: КОНЕСКИ И УРОШЕВИЌ ПРЕД ЧИТАТЕЛИТЕ ВО ИТАЛИЈА

Јована Караникиќ Јосимовска
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
ORCID ID: https://orcid.org/0009-0002-5223-0716
Анастасија Ѓурчинова
Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0002-4783-8228

Резиме: Во трудот се разгледуваат италијанските преводи и рецепцијата на творештвото на двајца значајни македонски автори — Блаже Конески и Влада Урошевиќ — за да се согледаат механизмите преку кои македонската книжевност станува видлива во италијанскиот културен простор. Поаѓајќи од теориските согледувања за т.н. „мали книжевности“ (Казанова 2004) и улогата на преводот како инструмент на културна медијација, трудот хронолошки ги мапира досега познатите преводи на делата на Конески и Урошевиќ на италијански јазик, објавени во: антологии, списанија, самостојни изданија и други печатени публикации. Во трудот се истакнува и улогата на културните посредници — преведувачи, уредници, слависти и издавачи — во афирмацијата на овие автори и во обликувањето на нивната рецепција во Италија.

Анализата покажува дека македонската литература во италијанскиот контекст најпрво се афирмира преку поетски антологии од 60-тите години од дваесеттиот век, при што Конески зазема особено истакнато место како еден од најпреведуваните македонски автори, тргнувајќи од преводот на книгата *La ricamatrice* (1967). За разлика од него, присуството на Урошевиќ е помалобројно, но бележи значајна современа афирмација преку поновото репрезентативно издание *Dietro quell'angolo vi attende la sorpresa* (2020). Истражувањето укажува на потребата од понатамошни систематски проучувања на книжевната размена меѓу Македонија и Италија,

особено во насока на рецепцијата, издавачките политики и променливите културни посредувања.

Клучни зборови: македонска книжевност, книжевен превод, Блаже Конески, Влада Урошевиќ, рецепција, италијанска култура, меѓу книжевна комуникација.

ITALIAN TRANSLATIONS OF MACEDONIAN CLASSICS: KONESKI AND UROŠEVIĆ FOR ITALIAN READERS

Jovana Karanikikj Josimovska
Faculty of Philology, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia
ORCID ID: https://orcid.org/0009-0002-5223-0716
Anastasija Gjurčinova
Blaže Koneski Faculty of Philology, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0002-4783-8228

Abstract: This paper examines the Italian translations and reception of the works of two prominent Macedonian authors — Blaže Koneski and Vlada Urošević — with the aim of identifying the mechanisms through which Macedonian literature becomes visible within the Italian cultural sphere. Drawing on theoretical insights concerning so-called "small literatures" (Casanova, 2004) and the role of translation as an instrument of cultural mediation, the study chronologically maps the translations of Koneski's and Urošević's works into Italian known to date, published in anthologies, journals, standalone editions, and other printed publications. The paper also highlights the role of cultural mediators — translators, editors, Slavists, and publishers — in promoting these authors and shaping their reception in Italy.

The analysis demonstrates that Macedonian literature in the Italian context was initially promoted through poetry anthologies from the 1960s onward, with Koneski occupying a particularly prominent position as one of the most translated Macedonian authors, beginning with the translation of the book *La ricamatrice* (1967). In contrast, Urošević's presence is less extensive, yet marked by significant contemporary recognition through the more recent representative edition *Dietro quell'angolo vi attende la sorpresa* (2020). The research points to the need for further systematic

studies of literary exchange between Macedonia and Italy, particularly with regard to reception, publishing policies, and evolving forms of cultural mediation.

Keywords: Macedonian literature, literary translation, Blaže Koneski, Vlada Urošević, reception, Italian culture, interliterary communication.

Вовед

Во време на интензивна транснационална циркулација на книжевностите, повеќе не се поставува прашањето дали литературата на еден народ се преведува, туку на кој начин станува видлива и читлива надвор од сопствениот јазичен и културен простор. Ова е особено релевантно кога се работи за литературите од т.н. помали јазични заедници, во кои преводот претставува клучен механизам за меѓународна афирмација и, истовремено, филтер. кој влијае врз начинот на перцепција во културата на прием.

Геополитичката позиција на Македонија налага и македонската книжевна продукција да биде првенствено категоризирана како условно „мала“ или „периферна“, според определбата на Паскал Казанова (2004: 175–204). Како што одамна забележал Франц Кафка (1948), литературата на една мала нација никогаш не претставува само естетски луксуз, туку витално место на колективната меморија и на политичкиот опстанок. Во овие периферни простори, каде што политичките и книжевните полови остануваат неразграничени, во споменатото дело „Светската република на книжевноста“, Казанова (2004) забележува дека се писателите често принудени да дејствуваат како гласноговорници, во најстрога смисла на зборот, на својот народ. Сепак, овие „мали книжевности“ не се мали по својата природа, туку такви стануваат во рамките на нерамноправниот глобален книжевен пазар, кој ги оптоварува со невидливост. Во овој контекст вреди да се спомена и согледувањата на Светозар Петровиќ, според кој емисионата вредност на „малиот народ“ ќе биде секогаш помала од неговата вистинска вредност (1972: 259).

Притоа, како што е веќе нагласено во истражувањето за присуството на италијанската книжевност во Македонија, кога

зборуваме за реципроцитетот во меѓу културната комуникација, особено на двете книжевни средини е забележано дека никогаш не постои рамномерност, т.е. речиси секогаш едната култура е супериорна над другата. Следствено, тоа се одразува и на рецепцијата, која поинтензивно се одвива во една насока, што не значи дека таа динамика не е променлива и дека во одреден период не може да надвладее рецепција во другата насока (Ѓурчинова 2001: 30).

Сепак, за да биде едно дело преведено, тоа најпрво мора да биде избрано меѓу многуте достапни дела, во исчекување да навлезе во нов културен и книжевен хоризонт. Според познатиот теоретичар на преводот, Лоренс Венути, автор на есејот „Невидливоста на преведувачот“ (1999), преведувачот игра суштинска улога во секоја фаза од процесот, вклучувајќи го и изборот на текстот што ќе се преведува. Овој чин никогаш не треба да се зема здраво за готово. Напротив, „преведувачот е агент на лингвистичко и културно отуѓување: оној кој ја воспоставува монументалноста на странскиот текст, односно определува дали тој е достоен за превод, но само преку докажување дека оригиналот не е споменик, туку дека му е неопходен превод за да се идентификува и да се стави во прв план иманентната другост што го одредува неговото достоинство“ (Venuti 1999: 388).

Што се однесува до преводите што се избрани да ја претставуваат и да ја пренесат македонската јазична култура на италијански јазик, вреди да се спомене дека досега не е направено поголемо и посеопфатно истражување на оваа тема, но, истовремено дознаваме и дека процесот на меѓу книжевна комуникација што се одвивал во насока од помалата кон поголемата книжевнојазична средина најчесто не бил подетално организиран, ниту структуриран. Сепак, постојат напори да се надомести овој недостаток и овој труд претставува еден од обидите за селекција и обработка на достапните податоци. Следствено, во оваа пригода имаме цел хронолошки да ги претставиме досегаобјавените преведени дела на двајца стожери на македонската книжевност: Блаже Конески и Влада Урошевиќ

и да ја прикажеме динамиката на меѓу книжевниот процес во оваа насока преку согледување на преводите од овие дела.

Делата на Блаже Конески на италијански јазик

За односот меѓу творештвото на Блаже Конески и италијанската литература и досега е пишувано, како на пример во трудот „Блаже Конески и италијанската литература и култура“ (Ѓурчинова 2023). Конески бил преведуван на италијански јазик, но истовремено и самиот бил инспириран од италијанската книжевност. Иако примарно посветен на словенскиот контекст, Блаже Конески во своето творештво остварува и суптилен дијалог со италијанската култура. Оваа релација се разгледува низ две насоки: од една страна, преку анализи на песната „Данте“ (од збирката „Чешмите“, 1984), неговите преводи на делови од „Божествената комедија“ и есеистичките рефлексии за: Микеланџело, Монтале и Еко; а од друга страна, преку рецепцијата на поезијата на Конески во Италија, пред сè преку сиенското издание на „Везилка“ од 1967 година.

Што се однесува до податоците за објавените преведени дела на Конески во Италија, може да се потврди дека најисцрпен извор се истражувањата на Наум Китановски, професор на УКИМ, и поранешен лектор при Катедрата за македонски јазик на Универзитетот „Ориентале“ во Неапол, кој, во текот на својот престој, ги има истражувано преводите на македонските автори на италијански јазик како во поединечни изданија, така и во антологии, списанија и други колективни печатени дела. Овој труд се потпира и на дел од неговите необјавени податоци, доставени до Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Останати информации за италијанските преводи на Конески наоѓаме во гореспоменатиот труд на Ѓурчинова (2023), како и во трудот на Карапикиќ (2011), објавен во списанието „Литературен збор“. Анализираниот материјал покажува дека стиховите и прозните текстови на Конески се појавуваат во дури дваесет и шест изданија, објавени на италијански јазик, што несомнено го прави овој наш автор меѓу најпреведуваните во Италија.

Најраните изданија во кои се појавуваат стиховите на Конески датираат од крајот на педесеттите години на минатиот век кога, Конески се вбројува во редот на југословенските автори. Поточно, антологијата „Современа југословенска поезија“ (*Poesia jugoslava contemporanea*), приредена од Освалдо Раму од Риека и објавена во Падова во 1959 година (Ramous 1959), претставува прво претставување на современата југословенска поезија на италијански јазик. Издадена од Бино Ребелато, оваа антологија нуди избор од најзначајните современи македонски поети, при што Блаже Конески е вклучен заедно со уште 54 автори од различни југословенски книжевни средини, преку песната „Љубов за љубов“ (*Amore per amore*).

Културната размена во овој период генерално се одвива преку списанија, па така во 1961 поезијата на Конески се наоѓа застапена во две одделни списанија: *La fiera letteraria* (Рим) и двомесечната ревија за култура, литература и ликовна уметност *Galleria*, во тематот посветен на повоена Југославија, чиј уредник е словенечкиот критичар Цирил Злобец, со македонски дел приреден од Матеја Матевски, и во издание на Салваторе Шаша. Таму Конески е претставен со песните „Стебло“ (*Albero*) и „’Рж“ (*Segala*), на стр. 334–335.

Квантитативна анализа на податоците со кои располагаме покажува дека 60-тите години претставуваат најплоден период за превод и препев на делата на Конески, но, и за културната размена меѓу Италија и Македонија, што се однесува до дваесеттиот век. Речиси една четвртина од вкупниот број изданија е објавена токму во 60-тите години, меѓу кои и првите антологии на македонската литература, како и првата самостојна збирка на Конески, за кои ќе стане збор подолу во текстот. Овој интензивиран интерес во голема мера се должи на посветеноста на неколку клучни посредници во афирмацијата на југословенската, а особено на македонската книжевност во Италија, меѓу кои се издвојуваат Џакомо Скоти и издавачката куќа „Маја“ од Сиена. Скоти, Италијанец по потекло од Неапол, а професионално поврзан за Риека, дејствува како преведувач, писател, новинар и истакнат културен посредник, активно вклучен во претставувањето на македонската книжевност на

италијански јазик. Покрај тоа што приредувал антологиски избори, тој учествувал и во уредувањето и посредувањето при објавувањето на поетски книги од најзначајните македонски автори. За својата лична и книжевна врска со Македонија Скоти исцрпно, но и емотивно говори во обраќањето на конференцијата по повод педесетгодишнината од основањето на студиите по италијански јазик во Скопје, која резултираше и со зборник на трудови (Scotti 2011). Паралелно со неговата дејност, значаен придонес имала и издавачката куќа „Маја“, предводена од поетот и издавачот Луиџи Фјорентино, кој преку своите чести контакти со југословенскиот, а особено со македонскиот културен простор – вклучително и присуството на Струшките вечери на поезијата – активно придонесувал кон промоцијата на македонските поети во Италија.

Во овој период, поточно, во 1965 г. излегува првата антологија посветена исклучиво на македонската поезија во Италија под наслов *Antologia della poesia macedone* („Антологија на македонската поезија“), едно од првите посеопфатни претставувања на македонскиот верс пред италијанската публика, чиј приредувач и преведувач на стиховите е Скоти. Антологијата опфаќа избор од 66 песни на 33 македонски поети, проследени со воведен осврт за македонската култура и книжевност, со особен акцент на современата поезија. Во ова издание Блаже Конески е застапен со песните „Балада“ (*Ballata*, стр. 69), „Везилка I“ (*Ricamatrice I*, стр. 70–71), „Сонот“ (*Assopimento*, стр. 70) и „Гласници“ (*Messi*, стр. 71)[1]. Една година подоцна, во редакција на Злобец и превод на Скоти, во Парма излегува антологија посветена на новата југословенска поезија (*Nuova poesia jugoslava*, 1966), со четири песни на Конески: „Стебло“ (*Albero*, стр. 389–381), „Болен Дојчин“ (*Dojcin malato*, стр. 383–385), „’Рж“ (*Segala*, стр. 379) и „Виј“ (*Mostro delle*

[1] Покрај оваа антологија, со текот на времето ќе бидат објавени на италијански јазик уште седум антологиски изданија посветени на македонската книжевност, обработени во друга пригода (Gjurčinova 2022). Во рамките на овој труд се земени предвид само оние во кои се застапени прозни и поетски текстови на Конески.

credenze slave, стр. 38). Приредувач на македонскиот дел е Александар Спасов. Во истата, 1966, година, италијанскиот публицист со голем интерес за Балканот, Џорџо Нурицани, го објавува делото *La Macedonia ieri e oggi* („Македонија вчера и денес“, Рим 1966), во кое се застапени две песни на Конески: „Сонот“ (*Assopimento*, стр. 131–132) и „’Рж“ (*Segale*, стр. 130–131).

Раскажувачкиот опус на Конески за прв пат се појавува во уште една значајна антологија – прво издание посветено на македонската проза, насловено *Narratori macedoni* („Македонски раскажувачи“ (1967), приредено од Милан Ѓурчинов и Џакомо Скоти. Антологијата претставува прво издание, посветено на современата македонска проза и содржи раскази од дванаесет македонски автори. На текстовите им претходи воведниот текст на Скоти *Quattro lustri contro tredici secoli* („Дваесет лета наспроти тринаесет века“), посветен на развојот на македонската писменост. Конески е тука застапен со расказите „Песна“ и „Чевли“ од збирката „Лозје“ (Gjurčinov, Scotti 1967: 109–132).

Во оваа мошне продуктивна година за македонското претставување во Италија се објавува и првата самостојна книга на Конески на италијански јазик, збирката *La ricamatrice* („Везилка“) во избор и превод на Џакомо Скоти („Маја“, Сиена). Книгата, поделена во два циклуси — „Црвено и црно“ и „Ослободено езеро“, содржи избор од дваесет песни, меѓу кои: „Везилка I и II“ (*La ricamatrice I, II*), „Тешкото“ (*Teskoto*), „Болен Дојчин“ (*Dojcin malato*), „Стерна“ (*Sterna*), „Одземање на силата“ (*Diminuire le forze*), „Виј“ (*Vij*), „Разделба“ (*Stretta di mano*), „Сончева колона“ (*Colonna di sole*), „Дете заспано крај езеро“ (*Il bambino addormentato sulla sponda del lago*), „Жито“ (*Grano*), „’Рж“ (*Segala*), „Стебло“ (*Albero*), „Сонот“ (*Assopimento*), „Молитва“ (*Preghiera*), „Починка“ (*Riposo*), „Жртва“ (*Sacrificio*), „Игра со детенце“ (*Gioco con bambino*), „Вљубени девојки“ (*Ragazze innamorate*), „Љубов“ (*Amore*) и „Ластовички“ (*Le rondini*). На песните им претходи воведниот текст на Скоти, *Sensibilità e intelletto* („Сензибилност и интелект“), посветен на значењето на Конески како поет и филолог за современата

македонска култура, а на крајот се вклучени белешки и кратка биобиблиографија за авторот.

Во 1969 г. споменатиот публицист Џорџо Нуриџани објавува монографија насловена *I primi artefici della Macedonia* („Првите творци на Македонија“), издадена од Studi Meridionali во Рим. Таму се наоѓаат неколку страници посветени токму на делото на Конески (1969, стр. 39-45).

При крајот на оваа деценија во Милано издавачот Fratelli Fabbri објавува уште една значајна антологија за народите од овој дел на Европа: *Antologia delle letterature del Sud-Est Europeo* („Антологија на литературата од Југоистокот на Европа“) приредена од реномираниот славист Санте Грачоти и други. Во рамките на ова издание е приреден посебен дел *Antologia delle letterature dei popoli della Jugoslavia* („Антологија на книжевностите на југословенските народи“). Тука се наоѓа веќеобјавениот превод на песната „’Рж“ (*Segala*), заедно со по една избрана песна од: Петар Бошковски, Славко Јаневски и Кочо Рацин. Меѓу преведувачите се наведуваат Џакомо Скоти и Влада Урошевиќ.

Во 70-тите години се забележуваат помалку преводи на делата од Конески, од кои два во кратките поетски антологиски изданија, објавени во Скопје на италијански јазик *Gloria a San Cirillo* („Во слава на Свети Кирил“), приредени за потребите на културните манифестации „Македонија во чест на Свети Кирил“, одржувани традиционално во Рим по иницијатива на Комисијата за културни врски со странство на СРМ. Во нив се застапени творби од современи македонски автори во препев на Наум Китановски, со јазична редакција на: Роберто Санези, Елио Филипо Акрока и Лино Курчи. Во изданието од 1974 година Конески е вклучен со песната „Болен Дојчин“ (*Dojcin malato,* стр. 22–23), а во 1976 година со текстот „Верната традиција на делото на Светите браќа Кирил и Методиј“ (*Fedele tradizione dell'opera dei Santi Cirillo e Metodio*, стр.7-12).

Конески продолжува да биде присутен во италијанските книжевни списанија и антологии и во следните децении. Во списанието *Relazioni Macedonia* (Рим, 1976) е застапен со седум

песни: „Сонот“ (*Assopimento*), „Болен Дојчин“ (*Il male di Dojcin*), „Везилка I и II“ (*La ricamatrice I, II*), „Паника“ (*Panico*), „Жртва“ (*Sacrificio*), „Тешкото“ (*Teškoto*) и „Лет“ (*Volo*). Потоа, во меѓународното списание за култура *Spirali* (Милано, 1980), во прилогот приреден од Наум Китановски и Алберто Марио Морикони се објавени песните: „Елен самак“ (*Cervo solitario*) и „Кафез“ (*Gabbia*), додека во 1993 г. во месечникот *Arte stampa Liguria* е објавена песната „Јаглен“ (*Carbone*), во превод на Бруно Ромби.

Особено значајно е специјалното издание *Macedonia*, објавено од тримесечникот *La battana* (Риека, 1981), гласник на италијанската заедница во Хрватска и Словенија, кое е целосно посветено на македонската култура и книжевност. Покрај критички осврти и есеи за современата македонска литература, изданието содржи избор од поезија и проза од повеќе современи македонски автори, како и текстови за „Струшките вечери на поезијата“ и за рецепцијата на македонската поезија во Италија. Во рамките на антологијата се претставени препеви на творби од вкупно осумнаесет македонски автори, а Конески е застапен со расказот „Потег“ (*La mossa*) во превод на Скоти и песните „Елен самак“ (*Il cervo solitario*), „Молитва во сон“ (*Preghiera al sonno*) и „Поговорка“ (*Proverbio*), во препев на Аугусто Фонсека. Покрај тоа, изданието содржи и скапоцен вовед за македонскиот јазик од раката на Конески со истоимен наслов (*La lingua macedone/Македонски јазик*), во кои авторот ја истакнува единственоста на македонскиот јазик во однос на неговиот развој, но и на самата јазична природа. Во списанието за култура *Impegno 80* (Сицилија, 1984), во секцијата *Poeti macedoni* („Македонски поети“), пак, се вклучени: „Љубов“ (*Amore*), „Ангелот од Света Софија“ (*L'angelo di Santa Sofia*), „Сон“ (*Sogno*) и „Дете што спие сонувајќи езеро“ (*Un bambino che dorme sognando un lago*). Дополнително, во публикацијата *San Cirillo e San Metodio e la loro tradizione in Macedonia* (Скопје, 1985) е објавен и текстот „Климент Охридски“ (*Clemente da Ochrida*, стр. 35–45), а во списанието *La Vallisa* (Бари, 1986) и песната „Молитва на сонот“ (*Preghiera di sonno*) во препев на споменатиот Фонсека.

Обработениот материјал потврдува како турбулентиот период на Балканот во 90-тите години се рефлектира во културата, па се чини дека и културната и книжевната продукција и размена како да се во застој. Сепак, и во тој период согледувме дури три наслови од Конески и тоа „Мали нешта“ (*Piccole cose*), текст, кој, според достапните податоци, се појавува во две изданија (бр. 33–34 од 1995 и 43 –44 од 1997) на меѓународното списание за поезија и истражување *News Zeta* од Удине, уредувано од Гаетано Лонго. Во првиот случај тој излегува заедно со текстови од уште четири други македонски поети, во вториот заедно со уште шеснаесет. Покрај тоа, во 1999 г. не е случајност избраната песна „Послание“ (*Epistola*), во препев на Лучана Гуидо Шремпф, да е вклучена во тријазичното издание *A San Cirillo*, *Sveti Kirilu, To St. Cyril* на Сигмапрес од Скопје.

Почетокот на новиот милениум и дигиталната револуција означи пресврт во секоја сфера, па така и во рамките на меѓукулурните односи. Во поинтензивирана комуникација со италијанската книжевна средина, која се должи, меѓу другото, и на осамостојувањето на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Факултетот „Блаже Конески“ при УКИМ, Скопје, и основањето на нова катедра за италијанистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, и покрај зголемениот интерес за поновата генерација автори од двете страни, делото на Конески опстојува во други форми и низ перата на нови преведувачи и приредувачи. Од особена важност е објавувањето на антологијата *Macedonia: la letteratura del sogno* („Македонија, книжевност на“ сонот) во Нардо (Лече) во 2012 година, во избор на Анастасија Ѓурчинова и превод на група преведувачи од Филолошкиот факултет во Скопје, која нуди преглед на современата македонска книжевност од периодот 1991 – 2011. Благодарејќи на опфатениот временски период, во антологијата е вклучен и Блаже Конески со песната „Небеска река“ (*Fiume celeste*) од истоимената стихозбирка (1991), во препев на Радица Никодиновска (Gjurcinova 2012: 171).

Одбележувањето на стогодишнината од раѓањето на Конески беше проследено со низа активности и пригоди за повторно објавување на некои текстови, како и нови

преведувачки потфати. Во 2021 г. издавачот Есперидиод Лече го објавува изданието *La mia patria: poesia in versi e in prosa* („Мојата татковина: поезија во стихови и проза“), избор приготвен и преведен од веќеспоменатиот славист и преведувач Аугусто Фонсека. Ова двојазично издание, претходно достапно и на веб-страницата на МАНУ, а во овој момент на располагање на италијанските читатели во книжарниците, е претставено од издавачот на следниот начин:

„Книгата содржи антологиски избор на песни од интелектуалецот и хуманистот Блаже Конески, можеби најзначајниот претставник на современата македонска култура. Преведувачот Аугусто Фонсека, на овој начин, настојувал да го одбележи стогодишниот јубилеј од раѓањето на поетот, со намера неговото творештво да ѝ го доближи на италијанската публика. Насловот се повикува на песната што ја затвора книгата и претставува нејзина основна поетска нишка, бидејќи во неа авторот ги определува границите на својата татковина – не како територијално ограничени, туку отворени кон далечни хоризонти: ‘До кај што сум ја пренесол својата љубов / дотаму е мојата татковина‘ “[2]

Овој јубилеј беше повод и за еден „преведувачки“ опит на младите преведувачи од редот на студентите на Филолошкиот факултет во Скопје, кој гордо го носи името на Конески. Изданието со наслов „Еден преведувачки опит“, кој се повикува на прославениот есеј на Конески, ги претставува резултатите од преведувачката работилница за студенти, организирана по повод стогодишнината од раѓањето на поетот, според иницијатива и координација на професорите Анастасија Ѓурчинова и Зоран Анчевски. Изданието содржи прозни и поетски текстови на Конески, преведени на четиринаесет јазици, од кои 10 текстови на италијански јазик и тоа: „Il canto di una cantante“ („Песната на една певица“, препев Марија Муратовска); „Sopra il pozzo prosciugato“ („Над секнатиот бунар“, препев Александра

[2] Достапно на: https://www.edizioniesperidi.com/poesia/358-la-mia-patra.html. Преводот е на коавторката Караникиќ Јосимовска.

Јовановска), „Epistola“ („Послание“, препев Стефанија Цонева); „Un ricordo dopo molti anni“ („Спомен по многу години“, препев Сара Цирковска); „*Falsi profetti (secondo il Vangelo)*“ („Лажни пророци“, препев Марина Рајкоска); „La patria“ („Татковина“, препев Сара Деспотовска); „Magnolia“ („Магнолија“, препев Елена Стојковска); „La rosa“ („Ружа“, препев Александра Јованоска); „Mendicanti“ („Питачи“, препев Сара Деспотовска); „Incontro in paradiso“ („Средба во рајот“, препев Ангела Ристевска). Преводот на италијански јазик е изработен од студентите, под менторство на проф. Радица Никодиновска и лектура на Алесандра Саита.

Рецепција

Покрај преводот на неговите дела, рецепцијата на творештвото на Блаже Конески во Италија се остварува низ останати комплементарни канали, како критичката рецепција во книжевните и во културните медиуми, но и преку институционалните облици на претставување на неговото дело и на неговата личност. Особено значајна улога во овој процес има објавувањето на споменатата поетска збирка *La ricamatrice* („Везилка“, 1967), првото самостојно претставување на еден македонски автор во Италија, која го вклучува и паратекстуалниот материјал споменат погоре (воведниот есеј од Скоти „Sensibilità e intelletto“ и други придружни биобиблиографски податоци). Според сведоштвото на Скоти, книгата предизвикала значителен интерес, не само за поетското дело на Конески, туку и за македонската литература и македонската култура во целина, отворајќи простор за поширока културна рецепција на Македонија во италијанскиот контекст.

Италијанската критичка рецепција на Конески покажува дека неговото дело не било восприемано само како егзотичен пример од една „непозната“ балканска литература, туку како поетски опус вреден за естетска и книжевна евалуација. Така, Винченцо Перна во весникот *Messaggero Veneto* (30 март 1968, Удине) го определува Конески како „еден од најголемите македонски поети на векот“, нагласувајќи дека автентичноста на неговата поезија произлегува од автентичноста на животот и од

историското искуство што го пренесува таа, додека неговиот поетски глас „ги надминува тесните и планински граници на Македонија“ (Scotti 2011: 246). Слично, Антонио Таљакарне во римското списание *Auditorium* (1968) го истакнува Конески како „исклучителен поет“, способен да се афирмира подеднакво и како епски и како лирски автор. Ваквите оцени упатуваат на рецепција што се движи надвор од првичната љубопитност кон една мала литература, трансформирајќи се во обид за интерпретација и на вреднување на Конески како автор со универзални естетски квалитети.

Особено интересен аспект на италијанската рецепција претставува и начинот на кој италијанските посредници (уредници, преведувачи и сл.) го толкуваат поетскиот израз на Конески. Во воведната белешка кон *La ricamatrice*, издавачот Луиџи Фјорентино ја нагласува стилската едноставност на Конески, опишувајќи ја како поезија „без придавки“, односно како резултат на редукција на орнаменталноста во полза на контемплативен, интимен израз. Иако Атанас Вангелов (2021) оправдано забележува дека ваквата интерпретација е условена од споредбата со италијанската класична и класицистичка поетска традиција, а не од реалната структура на поезијата на Конески, која поседува строга метричка организација и богата јазична текстура, ваквото читање сепак сведочи за обидот италијанската критика да пронајде сопствени интерпретативни категории за разбирање на македонскиот поет.

Уште еден релевантен извор во рамките на ова истражување, од поново време, претставува статијата за делото на Конески во странскиот печат, објавена во меѓународното списание „Палимпсест“, изработена во рамки на проектот „Виртуелен музеј Конески“ на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (Ivanovska-Naskova et al.: 2026). Трудот содржи преглед на шест статии преземени од фондовите на Архивот „Харалампие Поленаковиќ“ и фондот „Блаже Конески“ при Македонската академија на науките и уметностите, кој содржи разновиден архивски материјал, подарен од: Конески, неговото семејство и неколку негови соработници, од кои три статии се на шведски, две на шпански и една на италијански јазик. Во делот за

италијанската статија се истакнува бројот на римскиот информативен билтен *Relazioni Arte* (3 мај 1971), целосно посветен на Конески, уреден од славистката Јања Јерков од Универзитетот „Сапиенца“ во Рим. Ова издание содржи 17 страници со објавена фотографија на Конески на првата страница, додека другите содржини се претставени во четири дела: „Due incontri con Blaze Koneski, premio Herder“ („Две средби со Конески“, „добитник на Хердеровата награда“), „Le poesie di Blaze Koneski“ („Поезијата на Конески“), „La prosa letteraria di Blaze Koneski“ („Книжевната проза на Блаже Конески“) и „Bibliografia di Koneski“ („Библиографија на Конески“).

Ова претставува редок пример на систематска презентација на еден македонски автор пред италијанската културна јавност: покрај биографски осврти и лични сведоштва за Конески, содржи преводи на негови песни и проза во превод на Џакомо Скоти, како и обемна библиографија на неговите научни и книжевни трудови. Особено значаен е текстот на Антонио Јерков, кој, комбинирајќи лични впечатоци со културно-историски согледувања, го претставува Конески не само како водечка фигура на македонската литература, туку и како клучен интелектуалец во изградбата на современата македонска култура и јазик. Карактеризирајќи го како „еден од најголемите — можеби и најголемиот – жив македонски поет“, Јерков ја нагласува „широчината на неговите културни интереси и неговата преведувачка дејност како показатели на неговата човечка и интелектуална димензија“.

И во сведоштвата на Антонио Јерков и Џакомо Скоти, рецепцијата на Конески ја надминува неговата улога на поет, филолог и академик, ставајќи особен акцент врз неговата човечка димензија. Особено Јерков подробно се задржува на еден приватен миг — заедничката вечера во Нерези, која останува негов најсилен впечаток, опишувајќи го Конески како строг професор и хуманист, но истовремено и духовит, непосреден и пријатен соговорник, способен да создаде блискост во личната комуникација. Во сличен тон, и Скоти, присетувајќи се на фотографија на која „македонскиот поет Блаже Конески и јас си подаваме рака, наликувајќи на две среќни момчиња“ (Scotti, 2011:

253), ја нагласува топлината и непосредноста што Конески ја оставал речиси кај сите свои соговорници, па така и кај италијанските.

Разгледани во целина, овие форми на прием покажуваат дека рецепцијата на Конески во Италија се одвива на повеќе рамништа: како книжевна рецепција на неговата поезија, како културна медијација на македонската литература и како симболичка афирмација на една „мала литература“ во странски книжевен систем. Притоа, улогата на посредниците – пред сè на Џакомо Скоти, Луиџи Фјорентино, Јања Јерков, Аугусто Фонсека и други претставници на италијанската книжевна критика – се покажува како суштинска во процесот на видливост и легитимација на Конески во италијанскиот културен простор.

Влада Урошевиќ и Италија – една суптилна „медитеранска“ врска

Вториот стожерен глас преку кој македонската литература и култура допира до италијанските читатели, во минатото, но и денес, е Влада Урошевиќ. Овој избор, исто така, не е случаен затоа што како кај Конески, така и кај Урошевиќ, книжевната врска не се остварува исклучиво преку преводот, туку е проткаена во самиот опус преку бројни референции од италијанската култура и медитеранскиот сензибилитет. Оваа врска е веќе согледана во нашата книжевна критика, но и преку автентични искажувања на самиот автор.

Така, за Владимир Мартиновски, делото на Урошевиќ претставува едно од најсугестивните сведоштва за припадноста на македонската култура во медитеранската културна сфера, со тоа што медитеранските кодови се препознатливи уште во првите стихозбирки.

„Поезијата на Урошевиќ е натопена со медитеранското сонце, со медитеранските пејзажи, мириси и штимунзи, бои и нијанси. Некои песни мирисаат на оригано, на морски бранови или на јужни плодови. Уште од најраните песни Урошевиќ умее да го опее сонцето кога е во зенит. Кога сенките се најкуси. Кога

во пејзажот се вселува медитеранското неспокојство“ (Мартиновски 2025: 27).

